РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1904/3
18.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 15.04.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 20:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2024 година.
2. Предлог-упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024. Објасни дека Нацрт-упатството што Советот го усвои на претходната седница, беше испратено до медиумите и до политичките партии за да најдоцна до 15 април 2024, до 15 часот, достават коментари и забелешки. Во таа насока објасни дека во предвидениот рок не е пристигнато ништо и сегашното предложено Упатство што е предмет на усвојување е идентично со претходно усвоената нацрт верзија.

Г-дин Петрушевски информира дека пред да започне седницата го проверил уште еднаш официјалниот мејл на Агенцијата и констатирал дека нема пристигнато забелешки и коментари во врска со Упатството. Се изјасни дека ќе го поддржи предложениот документ.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, со текст како што беше предложено.

Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 да се достави до радиодифузерите.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Упатството, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**